списание за **ПРОМОВИРАЊЕ** на **БИБЛИСКАТА**

# АРХЕОЛОГИЈА

## ископување на минатото

број 5 • Година I, 2014 • цена 30 денари • месечно издание

9 771857 951005

**Како бил пронајден изгубениот град?**

**Пророштво за пропаст**

**Од кого потекнуваат Израелците?**

**Законот даден на Синај**

**Ветената земја**

**Славниот цар Соломон**







*Во овој број:*

# Петра и Израел



За да ја открие Петра, Буркхарт се облекувал како Арап и се однесувал како муслиман

# Патување во **изгубениот град**

Во денешно време, Петра е опишана како „Град црвен како роза, стар колку половина од времето". Римските историчари го опишувале со најубави зборови додека раскажувале за неговото богатство и архитектура. Патниците кои го посетиле, се вратиле со впечатливи описи на неговите споменици и храмови. Сепак, кога градот бил напуштен во 1200. година, тој бил изгубен и заборавен. Знаеле за неговото постоење и за неговата историја, но никој не знаел каде точно се наоѓа, сè до 1812 година.

Јохан Лудвиг Буркхарт (Johann Ludwig Burckhardt) бил роден во Лозана, Швајцарија, на 24 ноември 1784 година. Тој се образувал во Германија и во 1806 година отишол во Англија каде што три години студирал на Кембриџ. Во 1809 година, кога имал 25 години, Африканската асоцијација во Англија побарала од него да го истражува регионот јужно од Сахара. Во тоа време Африка почнала на Западот да му ги открива своите темни тајни. Тоа било 31-та година пред Дејвид Ливингстон (David Livingstone) да организира пловидба за Африка, а мистериите на „Темниот континент" штотуку почнале да се отклучуваат. Иако задачата била тешка, младиот авантурист Буркхарт го прифатил предизвикот.





Меѓутоа, бидејќи регионот низ кој требало да помине бил строго држен под исламската вера, од Асоцијацијата му дале инструкции прво да оди во Сирија и да се привикне на животот меѓу муслиманите, да го запознае арапскиот јазик и нивната религија. Јохан Буркхарт сторил многу повеќе од тоа. Тој толку убаво го изучил арапскиот јазик, што дури ни Арапите не можеле да го препознаат како туѓинец. Тој бил толку упатен во Коранот што успешно дискутирал со муфтиите за теолошките прашања. Всушност, има причина за верувањето дека тој ја прифатил муслиманската вера.

Се знае дека неколку години подоцна заминал на аџилак во Мека; тоа била посета која можела да му донесе брза смрт ако бил разоткриен како немуслиман. Се разбира, тој носел арапска облека и се претставувал под името Шеик Ибрахим ибн Абдулах (Shaikh Ibrahim ibn Abdullah).

Додека престојувал во Сирија, тој ги видел камењата од Хамат, за кои зборувавме во статијата за Хетитите. Тој пишувал за овие камења во своите мемоари, кои биле издадени од Лондонската африканска асоцијација во 1822 година, пет години по неговата смрт.

Во 1812 година тој бил подготвен да продолжи во Африка. Тргнал за Каиро, од каде што сакал да се приклучи на карван кој патувал кон југ. Но никогаш не стигнал до крајната дестинација и починал во Каиро во 1817 година, на возраст од триесет и три години, чекајќи го карванот за да ја преминат Сахара. На своето патување од Дамаск до Каиро открил нешто спектакуларно.

## Напуштениот град

Буркхарт ја следел маршрутата покрај Црвеното Море, продолжувајќи накај Акаба. Во негово друштво имало водич кој го познавал





Јохан Лудвиг Буркхарт се преправал дека сака да принесе жртва на гробот на Харун (Арон)

патот и зборувал за некој чуден напуштен град, скриен меѓу карпестите ридови во близина на Вади Муса (Wadi Musa). Буркхарт многу сакал да го посети ова место, но неговиот водич не се согласувал и упорно тврдел дека тоа е надвор од нивната маршрута и дека било опасно да се оди натаму. Буркхарт сфатил дека ако инсистира да тргне кон Вади Муса ќе предизвика сомнеж, и затоа смислил генијален план. Знаел дека Вади Муса бил блиску до планината Ор каде што бил погребан Арон и неговиот гроб бил обележан со мало муслиманско светилиште. Не било невообичаено за муслиманите да принесат жртва во близина на овој гроб. Во своите мемоари Буркхарт напишал: *„Затоа се преправав дека сум дал завет да жртвувам јарец во чест на Харун (Арон), за чиј гроб знаев дека се наоѓа на крајот од долината, па со таквата стратегија мислев дека ќе можам да ја посетам долината на мојот пат кон гробот. На ваквата моја изјава водичот не можеше да се спротивстави; стравот дека може да го навлече врз себе гневот на Харун ако ја попречи таквата жртва, во целост го замолкна“.*

Локалните селани го одвеле до изворот Аин Муса (Ain Musa), каде што бил принуден да ја принесе својата жртва, а оттаму се гледала гробницата, иако била доста оддалечена. Откако се доближил до остварувањето на својата цел, тој немал намера да дозволи да ја пропушти можноста и богобојазно изјавил дека верата не му дозволува какво било попречување во неговата намера. Во селото Елџи (Elji) тој ангажирал некого да ја носи неговата коза и да го одведе до гробницата.



## Зачудувачки древни **споменици**

Следејќи го човекот до влезот на долината тој забележал дека „оттука почнуваат древните споменици“. Не се осмелил да застане и да ги разгледа плашејќи се да не предизвикува сомнеж. Брзајќи од Сик (Siq), како што е наречен процепот во ридовите низ кој се доаѓа до долината, се восхитил од тоа што го видел. Не се знае како, но познато е дека успеал да види некои од извонредните градби и остатоци од градот Петра, бидејќи тоа го запишал во своите белешки. Но кога се обидел да се доближи до древниот храм, неговиот водич го обвинил дека е трагач по богатство и му се заканил дека ќе го застрела. Така Буркхарт набрзина го жртвувал јарецот и вечерта се вратил во селото. Не видел повеќе урнатини, но видел доволно за да му каже на изненадениот свет дека го пронашол прочуениот град Петра.

## **Потомците** на Аврам

Сега треба да ја погледнеме историјата на овој прекрасен град, бидејќи потекнува од дамнешни времиња и е мошне интересна.

Аврам имал син Исак, а Исак имал два сина, Јаков и Исав. Сторијата за нивното раѓање е опширно и детално опишана во Библијата, и тоа е од голема полза, зашто ја осветлува и подоцнежната историја на овие двајца браќа. За тоа читаме во 1. Книга Мојсеева 25 глава.

*„И Исак му се помоли на Господ за жената своја (Ревека), бидејќи таа беше неплодна; и Господ го чу, па Ревека, жената негова, зачна. Но децата се удираа едно со друго во утробата нејзина, и таа рече: `Ако биде така, зошто ми е ова?` и отиде да го праша Господа. А Господ ѝ рече: 'Две племиња има во утробата твоја, и два народа ќе излезат од тебе; едниот народ ќе биде посилен од другиот и поголемиот ќе му служи на помалиот'. И дојде времето да роди, а ете – близнаци во утробата нејзина. Излезе синот првенец црвен, целиот рунтав како руно; и му дадоа име Исав. А потоа излезе брат му,*



*држејќи го Исав со рака за петицата; нему му ставија име Јаков“.*

Важноста на сето ова не може да се прикаже соодветно во нашиот превод, но значењето на еврејски јазик, како што е оригинално напишано, е многу појасно.

На еврејски јазик зборот Јаков значи „оној што држи за петица“, термин кој исто така означува *потиснува* или *лаже*. Подоцна Исав му се жалел на Јаков дека *„еве веќе двапати ме истисна (ме излажа)“* (1. Мојсеева 27,36). Овој термин, секако, многу го отсликувал карактерот на Јаков, бидејќи тој бил вешт лажливец.

## Земјата на **влакнестиот јарец**

Состојбата на Исав е добро позната во медицината. Наречена е „хипертрихоза“ („hypertrichosis“) и опишува состојба на дете што е родено со премногу влакна. Така било во случајот со Исав. Подоцна Исав ја окупирал земјата Сеир (1. Мојсеева 36,8), која



Детал од градбите изделкани во розовиот камен

веројатно била наречена по Исав, бидејќи Сеир (Seir) значи „влакнест“ и е вообичаен еврејски збор за коза. Значи, Исав највероватно бил многу влакнест, можеби како коза; а што се однесува на неговата кожа, таа била црвеникава. Еврејскиот збор за црвено е „admoniy“, кој е изведен од истиот корен како и зборот „adam". Највероватно Адам бил така наречен бидејќи имал румена боја на кожата кога бил создаден. Исав бил наречен и Едом, име кое исто така е изведено од коренот на истиот збор како Адам (1. Мојсеева 25,30). Освен тоа, тој многу сакал црвена леќа, па можеби и оттаму подоцна го нарекле Едом. Неговите потомци биле познати како Едомци (1. Мојсеева 36,9).



„Исав стана вешт ловец и човек на полето,



... а Јаков човек кроток кој живееше во шатори“

Како што растеле двете момчиња, така се оформувале и нивните карактери и, иако биле близнаци (очигледно не биле идентични), тие имале сосема различна природа. „*Исав стана вешт ловец и човек на полето, а Јаков човек кроток кој живееше во шатори*“ (1. Мојсеева 25,27). За жал, нивните родители покажале пристрасност кон момчињата. „*Исак го сакаше Исав, зашто му се допаѓаше дивечот негов, а Ревека го сакаше Јаков*“ (стих 28).

## Исав го губи своето **првенство**

Јаков тежнеел кон религијата и високо ја вреднувал духовноста. Исав не бил насочен кон духовното и бил опседнат со ловот. Еден ден, кога Исав бил на лов, се вратил дома изнемоштен и гладен и го видел Јаков како го готви неговото омилено јадење – црвена леќа. Побарал да се послужи со тоа „црвено јадење“. Јаков, гледајќи дека брат му е подготвен на сè само да дојде до храна, видел можност за „добра зделка“. „*Продај ми го денес првородството твое!*“ побарал тој. Исав одговорил: „*Еве јас умирам, па што ќе ми е тоа првородство?*“ (1. Мојсеева 25,32). Ова не се однесувало на некое материјално наследство, туку на правото да биде духовен водач на семејството. Исав не придал некое големо значење на оваа повластеност и веднаш се согласил.



Древна набатејска грнчарија од музејот во Аман, Јордан



Како што стареел, Исак ослепел и веројатно стравувајќи од скорешна смрт (иако всушност живеел уште 43 години по таа случка), одлучил да го повика својот најстар син Исав и да му го упати традиционалниот семеен благослов. Најпрво побарал од него да го земе својот лак и да улови елен, бидејќи многу сакал дивеч. Исав ја презел обврската, се подготвил и заминал на лов.

Но жената на Исак, Ревека, била тивок сведок на сето ова. Присетувајќи се на пророштвото што било дадено во времето кога се родиле момчињата, и бидејќи била понаклонета кон Јаков, таа решила да ги земе работите во свои раце и да го осигура исполнувањето на пророштвото. Кога Исав веќе заминал, таа го повикала Јаков и му дала инструкции да убие две јариња и да ги зготви за таткото, преправајќи се дека е Исав. Дури ни препредениот Јаков не бил сигурен во успехот на овој план, протестирајќи дека не е толку влакнест како брат му и дека татко му ќе го препознае. Но Ревека имала соодветно решение за овој проблем. Таа му кажала на Јаков да стави јарешка кожа на своите раце и на вратот и да се претстави пред татка си како да е Исав. Решителната мајка била упорна, а и Јаков не се противел многу против предноста што би ја стекнал на тој начин.

Ги заклал јарињата и, претставувајќи се како Исав, го зготвил јадењето за татко му. Слепиот старец се посомневал, но, откако ги почувствувал рацете на Јаков, продолжил да го искажува семејниот благослов.

Кога вистинскиот Исав се вратил со уловот, измамата се открила и гневот на Исав бил бескраен. Тој одлучил да го убие Јаков штом ќе почине татко им. Но, за да ја спречи таквата трагедија, Ревека го испратила Јаков во својот роден град Харан, оддалечен околу 800 километри и Јаков останал таму наредните 20 години.

## Исав заминува во **Едом**

Изгледа дека Исав за тоа време заминал од домот и се населил во блиската област Петра. Кога Јаков се вратил, тој „*прати гласници кај Исав, братот свој, во земјата Сеир, во областа Едом*“ (1. Мојсеева 32,2; за поцелосен преглед на извештајот, прочитајте 1. Мојсеева 32,2). Гласниците се вратиле со вознемирувачка вест: „*Отидовме кај братот твој Исав, и ете, тој ти доаѓа во пресрет со четиристотини души*“ (стих 6). Очевидно, Исав сакал да се пресмета со Јаков. Дошло времето за одмазда.

Јаков бил преплашен, но ги презел сите превентивни мерки да се спречи заканувачката трагедија. Најпрво тој испратил многу подароци на Исав со намера да се воспостави мир со



него и да покаже дека не се враќа за да го бара семејното наследство. Подароците откривале дека Јаков имал доволно материјални добра. Како второ, Јаков го поделил своето семејство и го организирал во две групи кои би се сретнале со Исав одвоено, во случај ако едната група биде убиена, другата да може да избега.



Потокот (реката) Јавок

## Покајанието на Јаков

Третата и најважна мерка на претпазливост била Јаков да бара Божја заштита во молитва. Тој сигурно бил длабоко свесен дека не ја заслужува Божјата грижа и заштита, бидејќи токму поради неговите себични дела и измами Исав бил толку гневен на него. Но Бог се опишува себеси во Библијата како Бог кој *„не постапува со нас според нашите гревови и не ни плаќа според нашите беззаконија“* (Псалм 103,10).

Јаков се покајал за своето недостојно однесување и Бог му простил. Додека се молел, Божји ангел се појавил пред него. *„Како се викаш?"* – прашал ангелот. *„Јаков"*, одговорил тој, а тоа било болно потсетување на неговите минати гревови и признавање дека тој бил измамникот. Потоа настапила божествената потврда за прифаќање, небесно проштавање и уверување дека Јакововиот карактер се сменил на подобро. *„Отсега името нема да ти биде Јаков* (измамник), *туку Израел“* (1. Мојсеева 32,22-29). Израел значи „се стреми кон Господа". Тоа покажувало дека Јакововите покајнички молитви се прифатени од Бога. Па така, дванаесетте синови на Јаков станале прататковци на дванаесетте израелски племиња.

## Потокот Јавок

Овој небесен благослов бил даден кај потокот Јавок. Аман е главен град на сегашната држава Јордан. Од Аман, посетителите на Јераш патуваат северно околу 30 километри по висорамнината, додека не дојдат до длабока клисура. Патот е многу кривулест и се спушта надолу речиси 600 метри, а на најзиното дно тече една река. Тоа е потокот Јавок. Ова сигурно било страшно искуство за Јаков - да се моли покрај овој осамен поток, знаејќи дека следното утро ќе дојде Исав, со неговите 400 добро вооружени поданици, за да се одмазди.

Но, молитвата на Јаков била веднаш прифатена. Двајцата браќа подоцна се смириле и се раздвоиле со најдобри меѓусебни односи. *„И така Исав го продолжи уште истиот ден својот пат кон Сеир“* (1. Мојсеева 33,16).

Не е опишано дали Исав всушност живеел во областа Петра или, пак, во околните делови, но неговите наследници со сигурност живееле во оваа долина. Бидејќи нејзината стратешка локација овозможувала максимална сигурност, најверојатно Исав тука живеел и го создавал своето потомство. За кратко време тие станале народ за кој требало да се размислува. Листата на нивните племенски старешини е запишана во 1. Мојсеева 36 глава. Откако племето прераснало во народ, тоа било управувано од повеќе цареви (1. Мојсеева 36,31-40).



Името „Села“ значи карпа, кое на грчки гласи Петра

## Преселба преку Едом

Кога Израелците го напуштиле Египет (1445 година пред Христа), тие талкале 40 години во Синајската пустина додека не дошло време да влезат во ветената земја. Патот ги водел преку Едом. Не се знае дали Петра била упориште на Едомците, но можно е тоа да било местото каде што живеел царот на Едомците. Мојсеј упатил разумно барање до царот. *„Дозволи ни да минеме преку твојата земја: нема да одиме прекуниви, ниту преку лозја, и нема да пиеме вода од кладенците, туку ќе одиме по главниот пат и нема да скршнуваме ни десно ни лево, додека да ги минеме твоите предели“* (4. Мојсеева 20,17).

Ова барање било одбиено, со манифестирање на воена моќ, така што Израел морал да тргне по заобиколен пат, односно да се движи по друга маршрута низ пустината кон исток. Кога посетителите денеска сакаат да го посетат градот Петра тргнуваат од Аман и патуваат кон југ. На излез од Аман патот се дели и тука има патоказ на кој, на стрелката што покажува кон југоисточниот дел, пишува „Пустинскиот пат", а стрелката насочена кон југозападниот дел упатува на „Кралскиот пат“. И двете ознаки ги задржале истите имиња до денеска како што биле и во библиско време. Иако е чудно, повеќето патници решаваат да појдат по патот кон пустината. Иако има повеќе кружење, патот е порамен и со модерните автомобили побрзо се стигнува по овој пат. Кралскиот пат е пресечен од две стрмни надолнини, кои се спуштаат на 800 метри и поради ова мора да се вози побавно. Ова, се разбира, не им пречело многу на уморните Израелци, кои претпочитале да се движат по поедноставната патека, наместо бавно да продолжат низ врелата пустина. Тоа не се случило и обесхрабрените племиња свртеле кон исток.



Едомците одбиле гостопримство, па Израелците биле принудени да патуваат низ пустина

## Гробот на Арон

Следниот забележан инцидент е смртта на Мојсеевиот брат Арон, големиот првосвештеник на Израел. Мојсеј добил инструкции да гоземе Арон и неговиот син, Елеазар, на врвот на планината Ор. Таму Арон ја соблекол свештеничката облека, му ја предал на Елеазар и по-



Водените резервоари на Ум ел-Бијара

тоа како изморен војник легнал и починал (4. Мојсеева 20,22-29).

Од градот Петра се гледа едно остро возвишение, денеска познато како планината Ор и на врвот се наоѓа мало бело муслиманско светилиште за кое се верува дека е гробот на Арон. Тоа е местото каде што Буркхарт, кога го жртвувал јарецот, го открил изгубениот град Петра. Но се смета дека местото на кое е погребан Арон не е автентично. Најверојатно тоа не е ниту планината Ор. Ако царот на Едом се судрил со Израелците кај Вади Муса, како што е наречено селото надвор од Петра, тогаш би се очекувало да ја најдеме планината Ор на исток од Петра, наместо на запад како што е денеска. Уште повеќе, ова место е премногу блиску до Петра за да биде дозволен погреб толку блиску до непријателски расположениот цар на Едом. Израелците го продолжиле своето патување, а Едомците останале да живеат во својата сигурност.

## Ум ел-Бијара

Влезот во долината на Петра е тесна клисура, со должина од еден километар и на некои места широк само неколку метри, со карпести ѕидови кои се издигнуваат 100 метри над патеката на дното на пресушеното речно корито.

Значи не се потребни многу војници да го чуваат преминот. Во долината има висорамнина позната на арапски како Ум ел-Бијара (Um El Biyara), што значи „мајка на резервоарите”, бидејќи таму има пет водни резервоари. До врвот водат тесни скали издлабени во карпа. Биле ископани и бразди како канал по кој дождовницата се слевала во резервоарите и се чувала во случај да снема вода при опсада. Ова висорамнина можеби е местото кое во Библијата се споменува како „Sela”, што на еврејски значи „карпа”. Соодветен грчки збор е „Петра”, кој исто така значи „карпа”.

Меѓутоа, својата сигурност Едомците ја барале на погрешно место. Според Библијата, нивната сигурност не зависела од природните услови ниту од човечката храброст, туку од усогласувањето со Божјата волја. Кога се откажале од верноста кон Аврамовиот Бог, тогаш ја изгубиле и Неговата заштита.

## Во војна со Израел

Околу 1000 години пред Христа, израелскиот цар Давид ги покорил Едомците, поставил гранизони во целата земја и ги обврзал да плаќаат данок на Израел. Околу 150 години подоцна Едомците организирале бунт против Јорам, царот на Јуда. Тој ги поразил Едомците во битка, но тие ја задржале својата независност и повеќе не плаќале данок на Израел. Во осмиот век пред



На гордиот град му претстоела пропаст

Христа била обновена војната меѓу овие два народа.

*„Амасија пак се охрабри и го поведе народот свој, та отиде во Солената Долина* (во близина на јужниот крај на Мртвото Море) *и уби десет илјади синови Сеирови; и синовите Јудини заробија десет илјади живи и ги одведоа на врвот од карпата, и ги турнаа оттаму и тие сите сосема се разбија“* (2. Летописи 25,11.12).

Еврејскиот збор употребен за *карпа* е „sela“ и можеби го означува карпестото засолниште на градот Петра. Ако е така, ова би бил тој врв од кој требало да умрат, бидејќи страните биле многу стрмни. Од друга страна, тешко е да се сфати зошто јудејската војска би одвела толку голем број луѓе 80 километри до тоа место, само за да ги убие. Веројатно постојат некои околности што не се запишани. Можеби тоа било демонстрирање на сила и закана пред едомскиот народ со цел да ги предупредат против идни востанија.

## Пророштва за пропаст

Кога Вавилонците под Навуходоносор тргнале на Ерусалим во шестиот век пред Христа, Едомците застанале на нивна страна. Тоа бил одмазднички чин од страна на Едомците, кои ќе изгубеле многу од вавилонската окупација. Ова им ја запечатило судбината како народ осуден да му плаќа данок на Вавилон. Но изгледа дека тие биле подготвени да се откажат од сопствената независност со цел да му се одмаздат на јудејскиот народ, со кој биле во поблиска врска отколку што биле со Вавилонците. Тие се радувале





над несреќата на Евреите и заради ова Бог ги осудил на пропаст.

За ова еврејскиот пророк Авдија напишал само една глава, но целата негова книга е посветена на пропаста на Едом. *„Не радувај се на несреќниот ден на твојот брат, ниту на пропаста на синовите Јудини... Не провалувај низ вратата на мојот народ во денот на неговата неволја... и не стој на нивните крстопати за да ги убиваш оние што бегаат“*, се жалел пророкот (Книга на пророк Авдија 1,12-14). Потоа следувале предупредувањата за судбината на Едом: *„Вака му вели Господ Бог на Едом: '...Гордоста на твоето срце те измами, тебе, кој живееш во камени пештери, во својот висок дом и му велиш на своето срце: - Кој е тој што ќе ме собори на земја? - 'И да се кренеш високо како орел, да направиш гнездо меѓу ѕвездите и оттаму ќе те симнам', говори Господ... `Ќе ги погубам мудрите во земјата едомска и разумните во гората Исавова... Поради насилството што му го направи на братот твој Јаков, со срам ќе бидеш покриен и ќе бидеш отфрлен засекогаш'“* (Авдија 1. глава).

Еремија, кој живеел во истото време, додал: *„'И ќе стане Едом пустош... како што беа разорени Содом и Гомора и нивните соседни градови,' вели Господ, 'и таму нема да живее ниту еден човек'“* (Еремија 49,17.18).

Било потребно многу време за да се остварат овие предвидувања, но како што кажале пророците од Вавилон и Ниневија, конечното исполнување било сигурно.

# **Набатејците** ги потиснуваат Едомците

Околу третиот век пред Христа, арапското племе наречено Набатејци (Nabataeans) ги заменило Едомците. Тие најверојатно потекнуваат од Исмаило-





Лево: двете „високи места“, десно: скалилата кои воделе до таму

виот најстар син Набајот (Nabaioth) (1. Летописи 1,29). Не се знае дали се случило тоа со окупирање или инфилтрирање, но Едомците биле истиснати од карпестиот дел и потоа живееле во Негев, јужно од Јудеја. Околу 100 години пред Христа, макавејскиот борец Јован Хиркански (John Hyrcanus), ги окупирал и ги присилил да се обрежат и да ја прифатат еврејската религија. Набргу потоа Евреите ги трпеле последиците, бидејќи од оваа лоза дошол Ирод Велики, кој презел контрола врз еврејскиот народ и подоцна ги убил новороденчињата во Витлеем.

Наскоро Набатејците го изградиле градот Петра, како силно и сигурно засолниште, и го украсиле со уникатни скулптури. Храмовите, гробниците и куќите биле издлабени во меките песочни карпи на падините на планината, откривајќи преубави многубојни карпести слоеви.

Таму каде што Сик се отвора кон долината, посетителите ги дочекува прекрасен храм вдлабен во карпа. Во денешно време им е познат на Арапите како „Ел Казне“ (El Khazneh), што значи „ризница“, и на самиот врв има нешто што личи на урна или вазна.

Арапите мислеле дека можеби во него има некакво богатство, па затоа пукале во садот со надеж дека ќе успеат да го отворат и така богатството ќе се истури во нивните раце. Но се разочарале. Садот бил од камен и единствениот резултат бил што на оваа грациозна градба останале дупки од рафалите што биле испукани.

# **Височини**

На спротивниот крај на долината има патче кое води до врвот на планината, до прекрасен храм, исто така вдлабен во карпа. Храмот е наречен ел-Деир (El Deir) што значи „манастир“. Некои сметаат дека се овие места гробници, но тие содржат камени платформи кои изгледа биле наменети за статуите на божествата.

Набатејците практикувале идолопоклонство и имале две „високи места“ за такви служби. Едното било на врвот на камената височина и било вдлабено во цврста карпа. На врвот од планината се наоѓале и два огромни обелиска вдлабени од предната страна на планината. Тие биле симболи на плодноста.

Некои сметаат дека овие „високи места“ всушност биле центри за принесување на човечки жртви, но за ваквите тврдења нема докази. Од друга страна, камената плоча на која се принесувала жртвата изгледа голема само колку да собере животно со големина на овца или коза. Другото такво место е конструирано од камени блокови и има кружен облик.



Храмот ел-Деир

# **Римската** окупација

Кога Римјаните го освоиле Блиското Исток, почнале да кружат гласови за богатствата на Петра, но римската војска не успеала да влезе во градот до 106 година. Императорот Трајан изградил убав пат што минувал низ Петра, поврзувајќи ја Сирија со Црвеното Море. Калдрмата сè уште може да се види во Сик и во долината.



Калдрмата на Трајан



Остатоци од триумфалната капија



Влијание на Римјаните на архитектурата во Петра

На овој пат била издигната „триумфална капија“ и дел од лакот на капијата сè уште постои. На северниот крај од оваа патека има голем набатејски храм изграден од камени блокови. Половина од овој храм сè уште се гледа.

Под влијание на Римјаните се сменила архитектурата на гробниците. Една од нив е висока три ката и има фасада што личи на римска палата. Во планината е ископан голем амфитеатар со капацитет од 2000 седишта. При изградбата на трибините биле пресечени многу гробови, од кои останале отворени дупки во карпата. Петра изгледа била зафатена од нов бран на просперитет. Библиското пророштво за пропаста било заборавено.

## Антички **луксуз**

Во 2001 г. археолозите откриле голем церемонијален комплекс со набатејски редови од столбови на чии врвови имало егзотичен азиски капител во облик на глава на слон и набатејско-коринтски градби од столбови исто толку раскошни како што биле и другите палати во античкиот свет.

Петра денеска е врела, сува и неплодна земја. Меѓутоа, неодамнешните ископувања биле концентрирани на ридот на јужната страна на римскиот пат и археолозите биле многу изненадени кога откриле нешто како „рај“ – место кое некогаш сигурно било прекрасна градина и комплекс со базени во чиј луксуз уживале тамошните префинети жители – сосема спротивно од тоа што Петра изгледа сега – сува и правлива.



## Христијаните и **крстоносците**

Во четвртиот век во Петра било воспоставено христијанството. Подоцна биле откриени остатоци од голема црква. Во соседниот манастир биле пронајдени и некои стари, подгорени но читливи написи. Некои од најголемите гробници биле испразнети и претворени во цркви. На ѕидовите од некои гробници биле вдлабнати крстови и така Петра станала седиште на епископија. Но кога се смениле трговските патишта, се намалувал и бројот на карваните што поминувале низ Петра и животот во градот полека згаснувал.



Поден мозаик од византиска црква

Во 12. век уште еднаш вниманието за кратко било свртено кон овој некогаш величествен град. Крстоносците издигнале тврдина на врвот на една карпа зад римскиот храм. Откако заминале, земјата станала тивка и единствено што се слушало било блеењето на овците што биле чувани од неколку номади кои минувале низ празните гробници. Библиското пророштво навистина го имало последниот збор, и сјајот на Петра исчезнал засекогаш.



# ИЗРАЕЛ



## **Аврам**, таткото на верата

Аврам со право се смета за татко на израелскиот народ. Тој бил роден во Ур Халдејски околу 1950 г. пред Христа (1. Мојсеева 11,31). Седумдесет и пет години подоцна тој бил повикан да го напушти Ур и да тргне кон земјата која што Бог ветил дека ќе му ја покаже. Аврам го придружувале неговиот татко Тара, неговата жена Сара, внукот Лот и голем број слуги како и многуброен добиток, овци и кози. Аврам бил богат човек и неговиот карван сигурно го сочинувале повеќе од илјада луѓе.

## Аврамовото **патување**

Аврам ја следел реката Еуфрат северозападно сè додека не дошол во Харан, во северна Сирија. Тука починал неговиот татко, Тара, и уште еднаш Божјиот глас му заповедал да оди кон „ветената земја“, кажувајќи му дека таму неговите потомци ќе станат голем народ.

## **Ветената** земја

Палестина ја населувале Хананците, кои потекнувале од синот на Хам, Ханан, и така најчесто таа територија е позната како „земјата Ханан“. Подоцна, поголем дел од областа била населена со Филистејци и тогаш станала позната како „Палестина“. Било очигледно дека Аврам не нашол соодветно место на кое би се сместил, бидејќи пропатувал низ земјата од север сè додека не стигнал



Ерусалим



Патувањето на Аврам од Ур Халдејски до Хананската земја

до Негев на југ, а тоа е област во пустината. Бидејќи имало сеопшта глад во земјата, Аврам го продолжил своето патување сè додека не стигнал во Египет. Оттаму се вратил во Ветил (Бетел), околу 15 километри северно од Ерусалим. Тука, поради расправија меѓу овчарите на Аврам и Лот, двајцата се одделиле. На висорамнината се населил Аврам, а Лот со неговиот логор тргнал надолу накај јорданската долина и се населил во близината на неморалниот град, Содом. Подоцна Аврам се преселил на југ, во околината на Хеброн, околу 30 километри јужно од Ерусалим. Според еврејската традиција, Ерусалим го основале Аврамовите прататковци Сим и Евер.

## Ветениот **син**

На Аврам му бил ветен син преку кој требало да настане избраниот народ, но дотогаш Сара не му родила ниту едно дете. Бидејќи тогаш имала седумдесет и шест години, било очигледно дека не е можно да му роди дете. Затоа, таа му предложила на Аврам да ја земе нејзината слугинка Агара како втора жена; овој обичај бил застапен и општествено прифатлив во тоа време.

По одредено време Агара родила син и го нарекле Исмаил (што значи „Господ слуша“). Меѓутоа, планот што го смислиле не наишол на одобрување од Бога, кој му се јавил на Аврам и го уверил дека Сара ќе му роди син и дека преку него ќе дојде ветеното наследство.

Кога Сара имала деведесет години, на чудесен начин забременила и го родила синот, Исак, што значело „Смеа“. Му било дадено ова име бидејќи таа се насмеала на помислата дека ќе роди син на нејзини години.

## Потеклото на **судирите**

Љубомората меѓу двете мајки била неизбежна. Непријателството станало толку силно што на крајот Аврам бил принуден да ги прати Агара и Исмаил надвор од неговиот логор.



Брегот на Мртвото море

Расправиите меѓу двете семејства никогаш не престанале и тие и денес претставуваат корен на многу светски проблеми. Евреите се потомци на Исак, а Арапите се потомци на Исмаил, така што. Така можеме да кажеме дека конфликтот на Блискиот Исток започнал пред скоро четири илјади години.



Столб од камен покрај Мртвото Море, некогаш најверојатно покриен со кристали од сол

## **Посетителите** на Содом

Во меѓувреме Лот неразумно постапил кога се населил во градот Содом. Овој град станал толку неморален, што Бог го информирал Аврам дека ќе го уништи. Како последица на посредувањето на Аврам (види 1. Мојсеева 18,16-33) двајца ангели го посетиле Содом. На градската порта ги пресретнал Лот и, мислејќи дека се обични патници, ги поканил во својата куќа. Жителите на Содом забележале дека двајца убави луѓе влегле во домот на Лот, се собрале надвор и барале овие посетители да се изложат на хомосексуална злоупотреба. Затоа овој грев често се нарекува „содомија“. Нивното барање било одбиено и содомитите се разгневиле.

Тогаш ангелите го советувале Лот да го напушти градот со жената и двете ќерки. *„Спасувај ја душата своја“*, му рекле ангелите, *„и не обрнувај се назад, не застанувај никаде во оваа долина!“* (1. Мојсеева 19,15-22).

## **Уништувањето** на Содом и Гомора

*„Тогаш излеа Господ врз Содом и Гомора дожд од сулфур и оган од небото“* (1. Мојсеева 19,24). Сулфурот го има во изобилие во Мртвото Море. Владата на Израел извезува големи количини сулфур за трговски намени. „Огнот“ би можел да биде последица на вулканска ерупција. Сириската пустина не е многу далеку и таа е полна со огромни вулкански камења.

*„Но жената Лотова, одејќи по него, погледна назад и се претвори во солен столб“* (1. Мојсеева 19,26). На некои ова им изгледало како престрога казна, но можеби била само природна последица на она што се случувало. Како што ерупцијата на Везув ја уништила Помпеја, смртоносни гасови доаѓале од Содом и веројатно го следеле семејството што бегало. Жената на Лот можеби запрела доволно долго за овие гасови да





Реконструкција на Аврамовиот бунар (длабок 40 метри)

ја стигнат и задушат. Не треба да замислуваме дека таа веднаш била претворена во купче сол. Денес има илјадници купишта сол во оваа долина. Сè што останува таму, ќе прими сол и други минерали и на крајот ќе заврши како „солен камен“.

Положбата на градовите Содом и Гомора не може да се утврди со сигурност. Неодамна археолозите ископале два стари града, Баб ед-Дра (Bab ed-Dhra) и Нумеира (Numeirah) кои се наоѓаат на југоисточниот брег на Мртвото Море. Откриле гробишта и пронашле дебел слој пепел, па заради ова некои мислат дека овие градови биле Содом и Гомора, но нема ништо што би можело со сигурност да ги идентификува.

Лот и неговите ќерки се населиле на околните падини и бидејќи биле изолирани од другите луѓе, ќерките се плашеле дека нема да можат да се омажат. На нив толку многу влијаела изопачената атмосфера во Содом што се случил инцест со нивниот татко.

Едната ќерка му родила син и го нарекла Моав. Другата ќерка исто така му родила син, кој го нарекла Амон. Од овие луѓе потекнуваат Моавците и Амонците.

## Изворот на заклетва

Аврам се преселил подолу на југ и таму ископал длабок бунар. Го нарекол Вирсавеа или Бер Шеба (Beer Sheba), што значи „Бунар (извор) на заклетвата“, бидејќи направил договор со Авимелех, царот на Герар. Тој е откриен кај наоѓалиштето Тел ес-Себа (Tell es-Seba), околу пет километри северно од денешниот еврејски град Вирсавеа. Во 1969 г. Универзитетскиот институт за археологија на Тел Авив започнал со ископување на оваа локација. Меѓутоа, сфатиле дека градот што го откриле не потекнува од времето на Аврам. Неговите темели не биле поставени пред железната доба, што го сместува по 1200 г. пред Христа. Меѓутоа, таму пронашле мошне длабок бунар и веројатно била потребна голема работна сила за да се ископа. Бунарот имал тркалезен отвор, околу два метри во дијаметар. Горниот дел е порабен со ред камења а остатокот е ископан во цврста карпа. Вкупната длабочина била околу четириесет метри. Археолозите пронашле показатели кои навестувале дека бунарот е постар од тврдините што ги откриле и заклучиле дека потекнувал од времето на најстарите Израелски доселеници. Нивниот извештај гласи:

*„Откако утврдивме дека бунарот датира од времето на најстарите израелски населби, можевме да заклучиме, со разумна сигурност, дека овој бунар може да им се припише на патријарсите“.*



Денешниот модерен град Бер Шеба

## Гробот на Сара и Аврам

Кога починала Сара, Аврам купил поле во Хеврон со пештера во која сакал да ја закопа жена си, а кога починал, и тој бил погребан таму; подоцна тука биле закопани и неговиот син Исак и неговата жена, Ревека. На идентитетот на оваа пештера упатуваат списите на Јосиф Флавиј. Долните делови од ѕидната конструкција на џамијата, што сега стојат на тоа место, не се постари од времето на Ирод, пред две илјади години. Горните делови се малтерисани и варосани и датираат од 14. век од новата ера. За време на крстоносците, градбата била христијанска црква, но потоа станала муслиманска џамија. Денес посетителите може да влезат во оваа џамија и да видат богато изрезбани надгробни споменици. Самите гробишта се наоѓаат под подот на кој стојат овие споменици.



Внатрешноста на џамијата во која се верува дека е Аврамовиот гроб

Неколку луѓе влегле во оваа долна соба и соопштиле дека таму виделе ковчези, но ниту еден од нив не бил археолог. Така, за автентичноста на гробовите не постоело ниту едно мислење од професионалец. Сепак, постои голема можност дека ова е автентичното место на кое е погребан Аврам и неговото семејство.

## Аврам, Исак, Јаков и Јосиф

Синот на Аврам, Исак, имал син Јаков, чие име било променето во Израел. Тој имал дванаесет синови кои станале татковци на дванаесетте племиња на Израел. Еден од овие синови, Јосиф, имал сон во кој, според толкувањето, неговите единаесет браќа еден ден требало да се поклонат пред него. Тој не бил доволно внимателен и им кажал за сонот на своите браќа, но тоа не им било мило. Подоцна, кога ги посетил додека го паселе стадото кај Дотан, го фрлиле во празна дупка со намера да го остават таму да умре. Меѓутоа, кога наишол мадијамски карван, виделе можност да заработат малку пари и го продале Јосиф како роб. Тој бил однесен во Египет. Настаните чудесно се промениле и во таа земја тој станал главен управник.

Дотан се наоѓа на околу 80 километри северно од Ерусалим. Ископувањата на Доктор Фри (Doctor Free) во 1963 година покажале дека градот бил населен од времето на патријарсите. Доктор Фри открил резервоар за кој тврдел дека сигурно е дупката во која бил фрлен Јо-




сиф. Тоа е единствената дупка во оваа околина и најверојатно тоа бил бунарот што се споменува во библискиот извештај.

## Глад во Ханан

Додека Јосиф бил голем управник во Египет, настапила глад во хананската земја, така што Јаков и целото негово семејство отишле во Египет. Неговите потомци останале таму 215 години. Пред излегувањето од Египет, Израелците му служеле на фараонот како робови. Мојсеј можел да стане фараон, но, наместо тоа, избрал да го предводи својот народ, Израелците.

## Излегувањето од Египет

Кога потомците на Израел, под водство на Мојсеј, масовно го напуштиле Египет, го поминале Црвеното Море, дошле на планината Синај каде што биле објавени Десетте заповеди, а потоа талкале низ синајската пустина цели четириесет години. Во тоа време мора да имало околу два милиони луѓе. Тие на чудесен начин секојдневно се хранеле со *мана*, која се појавувала на земјата секое утро за време на првите пет дена во седмицата. Шестиот ден имало двојно количество, додека во седмиот ден, сабота, мана воопшто не се појавувала (1. Мојсеева 16,4.5).

Правени се напори за да се објасни по природен пат сушењето на Црвеното Море и дневната појава на мана, но тие напори биле неуспешни. Затоа мора да заклучиме дека двете појави биле натприродни.

## Законот даден на Синај

Локацијата на планината Синај не е прецизно опишана. Главно се поистоветува со Џебел Муса (Jebel Musa) која има надморска височина од 2285 метри. Меѓутоа, овој планински врв нема рамнина во околината каде што луѓето би се собрале да го слушнат објавувањето на законот. Постои место преку Црвеното Море во Арабија, кое според сите детали одговара на Мојсеевиот опис.

## Манастирот Св. Катерина

Блискиот планински врв, Рас ес-сафсафех (Ras es-safsafeh), има повеќе причини да се препорача како идентитет на планината Синај, бидејќи пред неговиот врв се наоѓа широка рамнина од каде што јасно се гледа самата планина. Исто така, биле предложени и други планини во северен Синај, во Јордан и Арабија.

Императорот Јустинијан во 527 година по Христа основал манастир во подножјето на планината во чест на Св. Катерина, христијанка маченичка, која била мачена на тркало и ѝ била отсечена главата во Александрија во 307 година од новата ера.



# Минувањето
## преку Јордан



Кога Израелците дошле до реката Јордан виделе дека таа била надојдена од големи поплави. Меѓутоа, им било кажано да продолжат со движењето преку реката, зашто таа требало да се исуши пред нив. Кога стапалата на свештениците зачекориле во водата, реката се исушила и народот можел да го помине речното корито. Библискиот запис кажува: *„Водата, што течеше одозгора, запре и се претвори во карпа оддалечена на многу големо растојание, кај градот Адам“* (Исус Навин 3,16).

Некои сметаат дека ова било постигнато по природен пат. Градот Адам се идентификува со Тел ел-дамије (Tell el-damiyeh), што се наоѓа на 35 километри северно од Мртвото Море. Во овој дел Јордан поминува помеѓу два многу високи насипи. На ова место биле забележани неколку оштетувања од земјотреси. На осми декември 1267 година од н.е., паднал дел од ридот што гледал накај реката. Тој го заградил местото и шеснаесет часа немало вода во речното корито што било јужно од ова место. Слични случки се појавиле во 1546 и во 1906 година и повторно се случиле во 1927. како резултат на земјотрес. Чудото се состоело во тоа што случката настанала во истиот момент кога свештениците зачекориле во реката Јордан.

## Уривањето на градот
# Ерихон

Првиот силен град што се спротивставил на Израелците бил Ерихон, многу стар град што бил населен речиси од почетокот на историјата. Според нашите сфаќања, тоа бил само мал град - 350 метри долг и 150 метри широк. Во тоа време градовите не биле големи, а Ерихон бил значаен и добро утврден град. Неговата мала зафатнина би го објаснила библискиот запис кој вели дека Исус Навин и неговата војска во еден ден марширале околу градот седум пати. Тогаш *„затрубија свештениците со трубите... сите заедно извикаа со висок и силен глас и сите градски ѕидишта паднаа... ги истребија сите во градот... а градот и сè што беше во него, го изгореа со оган“* (Исус Навин 6,19-24).



Урнатини од некогашниот град Ерихон

Од 1930 до 1936 година професорот Џон Гарстанг (John Garstang) го ископувал овој град и открил камени ѕидови што биле урнати нанадвор. Исто така, тој открил дебели слоеви од пепел, што упатувало на тоа дека градот бил целосно уништен во пожар. Тој забележал дека уништувањето се случило за време на доцниот бронзен период, што се совпаѓа со библискиот датум на освојувањето на Ерихон од страна на Исус Навин.

Меѓутоа, од 1952 до 1957 г. ископувањата ги продолжила доктор Кетлин Кенон (Kathleen Kenyon) и открила дека пепелот и паднатите ѕидови се од крајот на раното бронзено доба.

# Датирањето
## на освојувањето

Според Библијата, масовното излегување од Египет се случило 480 години пред изградбата на Соломоновиот храм (1. Царевите 6,1). Тоа значи дека излегувањето се случило во 1445 г. пред Христа, па според тоа, освојувањето на Ерихон се одиграло во 1405 г. пред Христа.




Поделбата на земјата меѓу 12-те племиња на Ираел

Според општоприфатената хронологија на Египет и Палестина ова би било во средината од доцниот бронзен период. Некои експерти сметаат дека хронологијата на Египет и Палестина треба повторно да се испита, бидејќи во тоа време Ерихон не бил населен. Според доктор Џон Бимсон (John Bimson) освојувањето на Ерихон се случило на крајот на средниот бронзен период и за ова има некои докази во ископувањата. Доктор Рудолф Коен (Rudolph Cohen), заменик директор на Израелскиот институт за антиквитети (Israel Antiquities Authority), го сместува масовното излегување на крајот на раниот бронзен период. Се разбира, ова би се совпаднало со паднатите ѕидови и слоевите од пепел што ги открил професорот Гарстанг (Garstang). Во својата книга „Археологијата во Светата земја“ ("Archaeology in the Holy Land"), на 134 страна Кетлин Кенон пишува:




Мегидо, снимка од воздух

*„Ѕидовите на Ерихон се урнале во раниот бронзен период. Последните ѕидови на Ерихон од раниот бронзен период биле градени набрзина, со користење на стари и искршени тули, и најверојатно не биле завршени пред да бидат уништени во пожарот. Внатрешниот дел на градот малку или воопшто не успеал да го преживее следното соголување на ѕидовите и градот најверојатно бил целосно уништен. Откритијата покажуваат дека имало целосно уривање и дека нов народ го зазел местото на старите жители. Секој град во Палестина што досега бил истражуван покажува дека исчезнал на ист начин. Новодојденците биле номади кои не биле заинтересирани за градскиот живот“.*

Можеби новодојденците биле Израелците чиј живот во шатори во дивината ги направил да бидат незаинтересирани за живеење во град.

## Израелците ја освојуваат **Ветената земја**

Трите најзначајни градови во северна Палестина во тоа време биле Асор (Hazor), Мегидо (Megiddo) и Бетшан (Bethshan). Исус Навин го освоил Асор, а потоа го уништил со пожар. Изучувачите на Библијата се посебно заинтересирани за Мегидо заради неговата врска со Армагедонската битка за која се зборува во Откровение 16 глава. На еврејски Армагедон буквално значи „Гората Мегидо“.


Колона столбови, Асор

Градот Мегидо бил изграден на еден рид од каде што можела да се види долината Језраел. Ископувања на ова место вршел Универзитетот од Чикаго од 1925 до 1939 г.

## Ископувањето на **Мегидо**

Оваа група од Универзитетот во Чикаго имала величествен план да го ископа сиот локалитет, слој по слој. За среќа, од дваесетте планирани слоеви населби кај Мегидо, успеале да откопаат само четири, пред да сфатат дека е проектот премногу голем, дури и за Американците. Да успееле во својот план, идните археолози не би имале што да истражуваат.

Сепак, тие откриле голем олтар од камен со кружен облик од периодот на Хананитите кој им претходел на израелските освојувања; сандак за жито од подоцнежен период; две големи штали за коњи кои биле впрегнувани во кочии (за кои во почетокот сметале дека потекнуваат од времето на цар Соломон, а потоа веделе дека доаѓаат од периодот на цар Ахав); исто така откриле и извонреден систем за снабдување со вода. Била ископана огромна дупка во нивото на земјата во внатрешната територија на градот, а од него до потокот кој се наоѓал надвор од градот ископале тунел низ карпата, долг шеесет метри. Потокот бил покриен од надворешната страна. Затоа жителите на градот имале сигурен пристап до изворот на вода, кој не би можел да биде пронајден од страна на можен напаѓач.


Давид, Микеланџело

## Владеењето на **судиите и царевите**

По смрта на Исус Навин со Израел владееле судиите Гедеон, Самсон и Самоил повеќе од триста години. Меѓутоа, тогаш луѓето посакале да бидат како околните народи и да имаат цар што ќе владее со нив. За прв цар бил назначен Саул, од Венијаминовото племе. Саул бил добро граден маж кој цврсто го водел Израел во војните против Амонците и Филистејците, но не успеал да ги исполни божествените барања и на крајот бил отфрлен од Бога. Во битка со Филистејците, Саул и неговиот син Јонатан паднале на падините кај Гелвуја (Gilboa). Филистејците ги зеле нивните тела и ги закачиле на ѕидовите на Бетшан.

Универзитетот во Пенсилванија вршел ископувања на ова место од 1921 до 1933 година. Биле откриени осумнаесет нивоа со населби. Денес градскиот ѕид и портата сѐ уште се наоѓаат таму.

## **Давид** владее со Ерусалим

Царот Саул го наследил царот Давид од Јудиното племе. Тој владеел седум години во Хеврон, а потоа го освоил Ерусалим и го направил своја престолнина. Воениот заповедник на Давид, Јоав, успеал да го освои Ерусалим со тоа што се искачил во градот по Евусејскиот канал за вода. Искористувајќи ја оваа можност, успеал да ги победи бранителите. Неодамна го ископале овој канал и денес може да се види на источната страна на Ерусалим. Низ карпата Евусејците ископале дупка што се наоѓала на крајот на нивниот град и продолжиле да копаат надолу сѐ до изворот Гион (Gihon), од каде што истекувало обилно количество вода под Ерусалим, спуштајќи се надолу кон долината Кедрон.

Градот што го освоил Давид не се наоѓал на територијата на денешниот стар град Ерусалим, туку на гребенот што се подиздавал на југ и граничел со долината Кедрон на исток и долината Гехен на југ. Денес на тоа подрачје се наоѓаат арапски куќи, но на источната страна ископувањата откриле делови од градот во кои пре-

стојувал царот Давид. Биле отворени многубројни гробници изделкани во камената падина, а една од нив можеби била и гробница на царот Давид. Таканаречениот „Давидов гроб“ на денешната планина Сион (Zion) веројатно не е автентичен.

## Славното владеење на Соломон

Во 971 г. пред Христа, по четириесет години владеење, царот Давид бил наследен од неговиот син Соломон. Под водство на Соломон, Израел го постигнал врвот на својата слава кога станува збор за економски просперитет и политичка моќ. Границите на Израел се протегале од Тадмор во пустината (денес идентификуван со Палмира во северна Сирија) до границите со Египет на југ. На запад Израел се граничел со Средоземното Море, а на исток неговата доминација се протегала до сириската пустина. Тоа било моќно царство. Израел бил вистинска империја.

Богатството во вид на данок се слевало во ризниците на Соломон. Најзначајно достигнување на царот било градењето на прекрасниот храм на планината Сион. Можеби камењата на овој храм пристигнале од каменолом, кој бил прокопан под северозападниот агол на денешниот стар град Ерусалим. Посетителите може сега да влезат во овој каменолом кој се протега до четиристотини метри под земја и да ги видат местата каде што биле исечени камените блокови од ѕидовите на каменоломот. Сите камења ги сечеле и ги подготвувале во каменолом, што го објаснува тврдењето на 1. Царевите 6,7: *„Кога се градеше храмот, за градење се употребуваа готови изделкани камења, така што за време на градењето на храмот не се слушаше ни чекан, ни тесла, ниту некакво друго железно орудие“.*



## Царицата од Сава

Царицата од Сава го посетила Соломон за време на неговото владеење. Општо се претпоставува дека Сава се идентификува со Мариб во југозападна Арабија. Американскиот археолог Вендел Филипс (Wendell Philips) ги ископувал урнатините на Мариб, но не нашол ништо што би ја идентификувало со Сава. Исус Христос ја нарекува „јужна царица“ (Матеј 12,42). Ова навестува дека таа била царица на Египет, бидејќи изразот „јужен цар“ се однесува на царот на Египет (Даниел 11,2-9; да се види стихот 8). Еврејскиот историчар Јосиф Флавиј изјавува: *„Тогаш живееше една жена, царица на Египет и Етиопија... и кога оваа царица слушна за посебната вештина и мудроста на Соломон... дојде во Ерусалим“.*



## Поделено царство

Меѓутоа, наклонетоста на Соломон кон луксуз претставувала многу голем товар за даночните обврзници. Затоа, по неговата смрт, востанието на десетте северни племиња под водство на Јеровоам го поделило царството на два дела – десетте племиња на Израел на север, а Јуда и Венјамин на југ. Со цел да ги обесхрабри своите граѓани да одат во Ерусалим за да ги посетуваат храмовите за време на празниците, Јеровоам подигнал две златни телиња на кои требало да им се поклонуваат - на север во Дан и на југ во Ветил.

Ископувањата кај Дан во 1980 г. открилe извонредно засводена порта која потекнува од периодот на Хананците. Чудно е да се каже дека оваа порта со недопрен свод била сочувана благодарение на нејзината погрешна конструкција. Набргу по изградбата, влезот на портата бил затворен со земја и целата градба била закопана и станала централен дел од заштитниот бедем. Сепак, подоцна целата област била закопана во текот на подоцнежните населувања и така портата останала сочувана. На западната страна од градот биле пронајдени скали што воделе до еден олтар. Овој олтар би можел да биде светилиштето на кое било обожавано златното теле. До овој олтар може да се пристапи единствено пеш, така што дури и царот морал да се симне од својот коњ и понизно да оди до местото на обожавање.

## Северната престолнина

Во 880 г. пред Христа, Омри, царот на Израел, купил еден рид од некој човек Шемер, и на него изградил нов главен град. Го нарекол Самарија, според претходниот сопственик. Неговиот син Ахав се оженил со Језавела, ќерката на царот на Сидон (Sidon) во Феникија. Таа го вовела во Израел обожавањето на Вал. Пророкот Илија го осудил ова паганско обожавање и ги предизвикал пророците на Вал (или Баал) да се соочат со него на планината Кармил. Ова е еден планински венец што се протега од Хаифа на медитеранското крајбрежје преку 30 километри на југоисток. Не се знае каде точно се случил овој настан. Според библискиот извештај, пророците на Вал не успеале да создадат натприроден оган, додека како одговор на молитвата на Илија, се спуштил оган од небото и ја изгорел жртвата што ја принел. Пророците на Вал биле убиени и во Израел се случила голема верска преродба.



Местото каде што било поставено златното теле во Дан

## Добриот цар Ахав

Меѓутоа, Ахав бил моќен цар кој имал значајно влијание над околните народи. Во сојуз со Сирија и со некои други народи, водел успешна борба кај Каркар против асирскиот владетел Салманасар III. Од записите за Асирија знаеме дека оваа битка се случила во 853 година пред Христа, што ни овозможува доста прецизно да го одредиме времето на првите цареви на Израел.

*„Моавскиот цар Меша имаше многу добиток и му испраќаше на израелскиот цар по сто*

*иљјади јагниња и волна од сто иљјади овни. Но кога умре Ахав, моавскиот цар се одметна од израелскиот цар“* (2. Царевите 3,4.5).

Оваа сторија била на извонреден начин потврдена во 1868 година со каменот најден кај Дибон (Dibon), источно од Мртвото Море.

## Моавскиот камен

Германскиот мисионер, Ф. А. Клајн (F. A. Klein), источно од Мртвото Море видел камен на кој се наоѓал ракопис сличен на староеврејски. Бидејќи не можел да ја плати сумата што му ја барале локалните Арапи, не можел да го земе каменот. Затоа тој се вратил во Германија за да собере средства.

Во меѓувреме, француски жител на Ерусалим слушнал за каменот и им понудил на Арапите 1800 долари. Меѓутоа, Арапите се карале за тоа кој има право на тие пари и расправијата ја решиле со тоа што запалиле оган под каменот и истуриле студена вода. Така го распарчиле на многу делови. Фрагментите биле поделени на заинтересираните страни. Кога Французот М. Клермон-Жано (M. Clermont-Gannaeu) најпосле ги зел деловите, некои му недостасувале. За среќа, бидејќи бил направен отпечаток на натписот, парчињата што недостасувале можеле да се заменат и каменот повторно да се состави. Тој е сега во Лувр, во Париз. Таму пишува:

*„Јас сум Меша, синот Хемосов, царот на Моав, Дибонит... Омри, царот на Израел, го угнетуваше Моав долго време... Меѓутоа, јас го победив него и неговиот дом“.*



Моавскиот камен или Стелата на Меша дава извонредна потврда на библиските податоци

## Падот на Самарија

Во осмиот век пред Христа Асирците тргнале во воен поход и Тиглат-пилесар III го нападнал Израел. Тој протерал многу луѓе во Асирија (2. Царевите 15,29). Јудејскиот цар Ахаз, во очајнички обид да ја одбегне асирската закана, отишол во Дамаск да се сретне со царот на Асирија и да договори примирје (1. Царевите 16,8-10). Но алчниот апетит на Асирците не можел да се задоволи толку лесно. Во 724 г. пред Христа, под водство на Салманасар V, Асирците повторно се вратиле, но тогаш почнале со опсада на израелската престолнина Самарија.

Градот бил соборен во 722 година пред Христа, а десетте израелски племиња биле протерани во Асирија.

Господ објавил преку пророкот Михеј: *„Затоа од Самарија ќе направам купишта урнатини во полето, место за садење лози; ќе ги сринам камењата нејзини во долина и ќе ѝ ги разголам основите“* (Михеј 1,6).

Дали го исполниле Асирците ова пророштво или не, тешко е да се каже, но археолозите сигурно го исполниле.

## Обновувањето на Самарија

По асирското освојување на Самарија таа била обновена, а Ирод Велики ја разубавил и во чест на римскиот император ја нарекол Себаста (Sebaste; грчки еквивалент на римското Augusta).

За време на христијанската ера таа станала епископско седиште, но по крстоносникот период, постепено ја напуштиле, иако еден мал арапски град сè уште се наоѓа во нејзиното подножје. Сега на местото на стариот град успева лозје. Во 1910 година тим од универзитетот

*продолжува на стр. 31*





# ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

Низ прашањата, дадени на оваа и на следната страна, можете да ги проверите и утврдите своите нови сознанија што ги стекнавте читајќи го овој број од БИБЛИСКА АРХЕОЛОГИЈА. Доколку точно одговорите на прашањата од целата серија, ќе добиете **ДИПЛОМА** за завршен курс по Библиска археологија.

# ПЕТРА

**1.** Изгубениот град Петра го открил ______ . Кога? ______

**2.** Таткото на Едомците бил ______ .

**3.** По кој пат сакал Мојсеј да ги води Израелците?

Одговор: ______

**4.** Што значи еврејскиот збор „Sela“? Одговор: ______

**5.** Што значи грчкиот збор „Петра“? Одговор: ______

**6.** Кои тројца еврејски цареви ја освоиле „Петра“?

(а) ______ (б) ______ (в) ______

**7.** Едомците се обединиле со ______ во шестиот век пред Христа за да им се одмаздат на Евреите.

**8.** Кои двајца библиски пророци го претскажале уништувањето на Петра?

(а) ______ (б) ______

**9.** Кое племе ја окупирало Петра во третиот век пред Христа?

Одговор: ______

**10.** Во која година Римјаните ја окупирале Петра?

Одговор: ______

**11.** Петра станала ненаселена за да се исполни библиското пророштво, бидејќи ______ од Арабија ја заобиколил Петра и минал покрај Црвеното Море.

*Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат) ______

АРХЕОЛОГИЈА

## ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

# ИЗРАЕЛ

***1.*** Од кои луѓе доаѓа името „Палестина“?

Одговор: ____________

***2.*** ____________ бил таткото на арапските народи.

***3.*** Аврам бил закопан во ____________.

***4.*** ____________ е приближниот библиски датум за излегувањето на Евреите од Египет.

***5.*** ____________ бил првиот цар на Израел.

***6.*** Израелскиот цар ____________ го прогласил Ерусалим за главен град.

***7.*** За време на царот ____________ границите на Израел се прошириле најдалеку.

***8.*** Градот ____________ бил изграден од царот Омри, кој го назначил за главен град на Израел.

***9.*** Царот на Моав, ____________, бил споменат во Библијата и на Моавскиот камен.

***10.*** Царот на Јуда, ____________, успешно му се спротивставил на Сенахериб, владетелот на Асирија?

***11.*** Кој доказ го забележавте дека Бог го водел, заштитувал и благословувал израелскиот народ? Зошто го направил тоа? ____________

____________

*Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат) ____________

____________

**Ваши податоци**

Име и презиме ____________ Телефон ____________

Адреса ____________

Откако ќе ги одговорите прашањата и внесете Вашите податоци, исечете го овој лист и испратете го на нашата адреса:

**за Библиска археологија, ул. Влае бр. 42, 1000 Скопје**




Лахис

Харвард започнал со ископувања на ова место и тука ги откриле темелите на царската палата (Михеј 1,6). Денес ова место претставува значајна туристичка атракција во Израел.

## Асирија ја напаѓа Јуда

Потоа Асирците го свртеле своето внимание кон Јуда и неколку години подоцна Сенахериб го оиколил Лахис (Lachish). За време на оваа опсада тој испратил голем одред војници против Ерусалим и барал да се предадат, но Езекија бил подготвен. Претходно го поткупил Сенахериб, го истругал златото од вратите на храмот и им го дал на Асирците (2. Царевите 18,16). Во меѓувреме Езекија бил излечен на чуден начин од фатална болест и верата му била доволно силна за да одговори на предизвикот.


Себаста


изворот Гион

## Езекија се спротивставува на Асирците

Езекија го обновил ѕидот на Ерусалим и го зајакнал градот. Ископал тунел низ цврста карпа за да донесе во градот вода од изворот Гион (Gihon) (2. Книга летописи 32,2-6). Посетителите на Ерусалим денес можат да поминат низ овој тунел. Долг е петстотини метри и на јужниот крај Езекија врежал натпис со кој кажува како бил направен тунелот. Натписот сега се наоѓа во музејот во Истанбул. Бидејќи тунелот водел до Силоамската бања, познат е како Силоамскиот натпис и е еден од најстарите еврејски записи што постојат.

Така Езекија се спротивставил на големата асирска војска. Гледајќи ги шокантните сврепости што ги правеле Асирците кон оние што давале отпор, ова бил храбар чин за кој била потребна многу силна вера.


Силоамскиот натпис на Езекија денес се наоѓа во музејот во Истанбул

## Пророштво за ослободување

Меѓутоа, верата на Езекија била наградена. Пророкот Исаија му пренел порака на царот велејќи дека Бог ја чул неговата молитва и дека Асирците нема да истрелаат ниту една стрела во градот. *„И ова се*

АРХЕОЛОГИЈА ископување на минатото

Списание за промовирање на библиската археологија | Број 2, година I, 2014 | Месечно издание |
Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Автор на текстот: **Дејвид Даун** | Превод на македонски: **Весна Вучиниќ** | Јазична редакција: **Томислав Треневски** | Дизајн: **Лазар Томовски** |
Издава: **АИК „Знаци на времето“,** Поштенски фах 215, 1000 Скопје | Контакт: **071 569 076** |
e-mail: **ab.institut@yahoo.com** | Печати: **Аркус дизајн**



Цилиндарот на Сенахериб кажува за асирскиот напад на Лахис и Ерусалим

*случи во таа ноќ: ангел Господов отиде и во асирскиот логор уби сто осумдесет и пет илјади војници... Тогаш царот на Асирија, Сенахирим тргна, се врати во Нинива и таму остана“* (2. Царевите 19,35.36).



Едно од писмата од Лахис

## Падот на Јуда

Меѓутоа, крајот на Јуда веќе се гледал. Непрекината низа на безбожни цареви ја губеле божествената заштита и во 605 година пред Христа Ерусалим паднал под власта на Вавилонците. Иако градот бил поштеден, Даниел, заедно со други луѓе, бил протеран во Вавилон. Следеле низа востанија и Навуходоносор бил принуден да се врати за да ги покори. Во овој период Лахис бил повторно под опсада, но сега од страна на Вавилонците.

Во ископувањата од 1935 година биле пронајдени осумнаесет скршени глинени садови во Лахис на кои биле напишани некои пораки со мастило. Тие потекнуваат од воен заповедник кој нетрпеливо барал некој знак од опколениот град и се молел за негово ослободување. Овие трогателни молби се познати како Писмата од Лахис.

Меѓутоа, кога на Лахис му дошол крајот, во 586 година пред Христа и Ерусалим бил повторно освоен. Овојпат бил целосно уништен. Неговите жители биле испратени во вавилонско ропство. И така завршила историјата на Израел и Јуда пред прогонството во Вавилон.


**ВО СЛЕДНИОТ БРОЈ ЧИТАЈТЕ:**

**МЕСИЈА ВО ПРОРОШТВАТА И ИСТОРИЈАТА**

**и СВИТОЦИ ОД МРТВОТО МОРЕ**

- Дали Библијата била променета низ вековите?
- Каде се оригиналните Десет Божји заповеди?
- Најголемото откритие на модерното доба

